III одд Лилјана Петковска, Кристина Несторовска ,Сузана Аспровска , Мартин Стефановски, одделенски наставници, Елена Јакимовска наставник по физичко образование

IV одд Пепи Стефановска, Алмедина Адемовска, одделенски наставници, Елена Јакимовска наставник по физичко образование

Vодд.

Анита Петровска Ана Видоевска Динева и Соња Силјановска одделенски наставници, и предметни наставници по физичко и здравствено образование Елена Јакимовска и Сандра Георгиевска

## 8.10. Дополнителна настава

Врз основа на член 31 од Законот за основно образование(Службен весник на Република Северна Македонија“вр.161/19 и бр.229/20) ,учебната 2024/2025 година во нашето училиште ќе се организира дополнителна настава за ученици кои континуирано покажуваат ниски постигања во учењето или постигања што е под нивните интелектуални можности. Реалзизацијата ќе биде по проценка на наставник,барање на ученики и родител /старател со десет до петнаесет ученици од сите одделенија од иста генерација.Учениците од прво до петто ќе следат најмногу по еден час неделно за најмногу два различни наставни предмети одделно,а пак учениците од шесто до деветто одделение ќе следат најмногу по еден час неделно за најмногу три различни наставни предмети одделно.Изработениот распоред за дополнителна настава ќе биде објавен на огласна табла и на училишната веб страна. На часовите по дополнителна настава повторно се објаснува материјалот од редовните часови,учениците го сработуваат материјалот што не успеале да го совладат на редовните часови, а се дава и материјал кој е различен од редовните часови но слични по тежина.При работа со учениците се почитуваат нивните интелектуални способности Наставниците ја планираат дополнителната настава согласно потребите на учениците и водат електронска евиденција во образец кој е објавен од страна на Бирото за развој на образованието,освен по предметите кои се реализираат по новата концепција . На крајот на учебната година се печати хартиениот материјал и се заведува со архивски број и се предава,.Во зависнот од потребите дополнителната настава ќе се планира и реализира повеќе пати.Дополнителната настава ќе биде застапена како индивидуална работа,работа во парови и тимска работа.Преку реализација на овој вид на настава наставниците ги потикнуваат работните навики и истрајноста кај учениците.

## 8.11. Додатна настава

Учебната 2024/2025 година во нашето училиште ќе се реализира додатна настава со цел да се инспирираат учениците кои се одликуваат со високи интелектуални способности, да се потикне желба за стекнување нови знаења и критичко расудување. Тоа се ученици кои брзо решаваат задачи ,имаат добро помнење,зададените задолженија ги завршуваат предвреме,сакаат предизвици,размислуваат независно,поседуваат разни вештини во насока на анализа,евалуација,синтеза... Наставниците ја планираат додатната настава со еден час неделно за наставен предмет во одредено одделение.Учениците одлучуваат во договор со родителот дали ќе следат додатна настава по претходен предлог на наставниците .Распоредот за секој наставен предмет ќе биде истакнат на огласната табла и на училишната веб страна.
Реализацијата на додатната настава ќе биде во мали групи со најмногу десет ученици од иста паралелка или различни паралелки од исто одделение. Наставникот додатната настава ја евидентира електронски во образец на педагошка евиденција кој по завршување на учебната година се печати , архивира и доставува,со исклучок на предметите кои ќе се реализираат по новата концепција.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Во континуитет во нашето училиште има ученици кои поседуваат натпросечна способност за решавање одредени проблеми,полесно решава одредени сложени проблеми ,и покажува високи успеси по одредени области. Таквите ученици наставниот кадар и стручната служба постојано ги поттикнува и емоционално ги подржува со цел нивни поголеми постигнувања. Со цел потикнување и поддршка на овие ученици наставниците и стручната служба реализира разновидни активности.Со талентираните ученици бидејќи се врзани со способност во една потесна област (математика,музика...)односно тоа е диспозиција која се развива со работа, наставниците стручни по одредена област работат со тие ученици по претходна идентификација во соработка со стручната служба .Препознавањето на „необичното"позитивно однесување на некои ученици е сигнал за акција на наставникот и стручната служба со вклучување на родителите која ќе биде насочена кон задоволување на потребите на учениците. Преку превземените активности со примена на низа методи ,инструменти и принципи ќе влијаеме на зголемување на нивната самодовербата

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во нашето училиште се почитува паролата „образование за сите"односно примена на фундаменталното право за образование.Принципот на образование за сите значи образование според можностите на нашите ученици. При релализација на наставата се применуваат соодветни модели на учење кои ќе бидат во функција и корист на учениците со посебни потреби. Училишен инклузивен тим( мандат од 3 години) и сите останати наставници на сите нив им даваат различна поддршка за да го остварат својот потенцијал согласно потребите,можностите и интересите на учениците.Претходно наставниците кои предаваат во паралелките со ученици со ПОП се запознава со иницијалната состојба на ученикот нивниот когнитивен ртазвој ,социјалниот аспект,емоционалниот,физичкиот развој. Во текот на месец септември се утврдуваат предзнаењата и способностите на учениците со ПП. Во соработка со училишниот дефектолог за секој ученик со ПП наставниците изотвуваат ИОП . ИОП е документ во кој е испланирана работата со ученикот по предмети.по претходна опсервација на учениците.Ги детектираат способностите ,општите и конкретни цели ,нивните потреби и стратегии.ја.Се утврдува за кои предмети нема да има промени на наставната содржина ,предмети за кои ќе се прават мали и поголеми прилагодувања и предмети за кои ќе се изготви заначително скратена програма. Се утврдуват начинот на оценување кој се врши според поставените цели и очекуваните исходи од ИОП .Задолжително се врши проценка на степенот делотворност на применетите стратегии,односно евалуација на ученикот според ИОП. Изготвувањето на ИОП е во согласност со родителот. Како училиште ја продолжуваме соработката со стручното тело Комисија за проценка на деца и младинци за дополнителна ,образовна ,социјална и здравствена поддршка..Ова учебната година ќе имаме пет образовни асистенти на ученици кои кои им е потребна образовна помош.

8.14. Туторска поддршка на учениците

Училиштето нема потреба од туторска подршка за ученици.

## 9. Воннаставни активности

Воннаставни активности се дел од воспитно образовниот процес и се реализираат според Концепцијата за воннаставни активности во основните училишта. При реализација на овие активности принципот на почитување на интересите на учениците е примарно ,а воедно го стимулираме и правилниот социјален и емоционален развој и го поддржуваме физичкото и менталното здравје.Учеството во училишните воннаставни активности е по нивна желба ,интерес и афинитет со цел продлабочување на сопствените знаења и стекнување на вештини што понатаму ќе ги развиваат и применуваат, но со внимание да не се преоптеретуваат бидејќи тоа може да доведе до стрес и исцрпеност. .Вклучувањето на учениците во воннаставните активности ќе има позитивни ефекти ,а главна цел при нивна реализација ни е намалување на нивното предизвикувачко однесување.

Ќе се реализираат краткотрајни (излети и екскурзии)и подолготрајни воннаставни активности ( секции /клубови) еднократни (проекти). Училиштето ќе креира активности со цел развивање нови вештини,откривање интереси и таленти кај учениците.

### 9.1. Училишни спортски клубови

Училишнот спортски клуб „ЦИРИВИРИ“ учебната 2024/2025 год продолжува со реализација на спортските активностите Месец септември се спроведува анкета на заинтресирани ученици за членување и спортување во училишнот спортски клуб кои ќе бидат водени од Елена Јакимовска, наставник по физичко образование и одделенскиот наставник Велимир Новески.

### 9.2 Ученички акции

Акциите кои ќе се реализираат ќе бидат краткотрајни воннаставните активности кои во зависност од акцијата и по проценка на одговорниот наставник постои можност да траат и неколку денови.

| План за организирање на акции во учебната 2024/2025 година | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Задача** | **Активност** | **Временска рамка (месец)** | **Носители** | **Начин на спроведување** | **Потребни средства и материјали** | **Очекувани резултати** | **Тим за следење на акциите** |
| Хуманитарни собирни акции | Организирање и спроведување хуманитарни акции во парични средства,храна, облека и средства за хигиена за ранливи категории на лица | Во текот на учебната година | Вработените во училиштето, родители, ученици од I-IX одд | Информирање, собирање и достава до одговорно лице во училиштето и до општината | Организационен материјал | развиена емпатија | Одговорни наставници, |
| акции за донација на садници,дрвца | -Организирање и спроведување еко акција | Во текот на месец март | Тим од наставници и ученици од I-IX одд. | Донацијата употребена,засадени дрвца и садници | Организационен материјал | Подигање на свеста за одржување на животната средина | Одговорен наставници |
| ЕКО акција за заштита на животната средина | Одбележување на денови за заштеда на енергија, вода, заштита на плане тата Земја, климата, озонската обвивка, животната средина | Во текот на учебната 2024/2025 год | Ученици ,наставници | Одржување часови за одбележување | Литертура, флаери , презентации | Зголемено ниво на грижа кон животната средина | Еко одбор |
| Еколошки акции според еколошки календар | Превземање на соодветни активности за одбележување според различни еко датуми | Во текот на учебната година | Наставници и ученици, Родители Локална заедница | Интегрирани отворени часови, Презентации ,предавање | Потрошен материјал | Промовирање на важноста за зачувување на здрава животна средина. | Еко одбор |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Хепенинг за роденденот на општината Карпош | Учество во прославата на Денот на Општина Карпош и соодветни активности | Ноември | Општината Наставници и и ученици | Дискусии, Предлози | Ученички настапи ,изработки | Промовирање на училишните и ученичките успеси. | Настав-ници, претстав-ници од општината |
| Хепенинзи | Организирање на манифестации по Детската недела ,одбележување празници,денот на шегата ,денот на водта,,Планетата Земја.. | Во текот на учебната 2024/2025 год. | Наставници и родители и ученици од I - IX одд. | Организирање на настан | Организиационен материјал | Меѓусебно почитување,сплотеност ,другарување ,позитивни емоции | Наставници, родители ученици од I - IX одд. |

## 10.Ученичко организирање и учество

## Ученички активизам

Активното вклучување на учениците во училишниот живот овозможува секое дете да бара,прима и да дава информации ,да се здружува со останатите ученици што ќе овозможи учениците да стекнат соодветни знаења ,ставови и вештини со кои учениците ќе се оспособат за соочување и конструктивно справување со предизвиците во училиштето и околината.Сите ученици ја сочинуваат училишната заедница.

За активно вклучување на учениците во демократските процеси учениците на почеток на учебната 2024/2025 година се организираат во заедница на паралелка и се формира ученички парламент.Секоја заедница избра претседател и заменик претседател.На вториот одделенски час од учебната 2024/2025 год.се пријавуваат кандидати кај одделенскиот раководител и да потполнат одредена документација. На третиот одделенски час или на дополнителен час се спроведува изборот на претседател и заменик претседател. Претседателот на паралелката ги претставува учениците од одделението за тековните потреби и проблеми на учениците и се грижи за мирно надминување на недоразбирањата во паралелката.

Претседателите на заедниците на паралелките го сочинуваа Ученичкиот парламент.Училишето објавува отворен повик за избор на ученички правобранител и негови заменици.Повикот се објавува на веб-страната на училиштето .

Претседателот на ученичкиот парламент го избраа со мнозинство гласови. Ученичкиот правобранител е избран по пат на тајно гласање со мнозинство гласови од учениците од 7 до 9 одд. Ученичкиот парламент учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби,во реализација на наставата и вонаставните активности. Организира и учествува во работилници дебати и општествено корисна работа.

Во текот на сите активности постои континуирана поддршка од стручната служба.

Преку Програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ учениците се запознаваат со поимите корупција ,антикорупција,интегритет и етичност, препознавање на механизмите за спречување на корупцијата,и запознавање со штетното влијание на корупцијата во општеството. Програмата опфаќа реализација на работилници за антикорупциска едукација како и организирање на натпревари за најдобра творба со антикорупциска едукација.

**Подмладок на Црвениот крст**

Во училиштето на организиран начин учениците ќе бидат вклучени во врснички едукации за заштита и самозаштита на човековото здравје и безбедност.Преку превземање на активности учениците ќе стекнат активни знаења и ќе ги подобрат личните вештини за помош во заедницата,а воедно и самите позитивно се менуваат.

Во активностите вклучени се и наставници кои ја организираат реализацијата на планираните активности.

Подмладокот се обучува за укажување прва помош во случај на несреќи, како и за подарување ,помагање и несебична поддршка ,и активно се вклучува во натпреварите кои ги организра Црвен Крст на град Скопје.Учениците преку активностите стануваат поблагородни.подобри и подарежливи.

**Детска организација**

Секоја учебна година по повод Детската недела која се одбележува во првата недела од месец октомври ќе се организра приредба по повод прием во Детската организација преку која првачињата учат за своите права ,но и обврски.

**Ученички активизам**

Учениците преку вклученост во работилници на одредени теми го негуваат своето право на слобода на изразување и мислење како и и нивните права да даваат и примаат информации писмено или усно до стручната служба во училиштето.

**УЧЕНИК-ПРАВОБРАНИТЕЛ**

**План за работа на Ученичкиот Правобранител во учебната 2024/2025 година**

| Компоненти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРОМОВИРАЊЕ НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА | | | | | |
| Задачи / цели | Активности | Носители на активности | Временска рамка | Ресурси | Очекуван резултати |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализирање на работилници | 1. „Проучување на тема детски права<br><br>2. превземање акција во училиштето „Моја одлука,твоја одлука“ | Ученички парламент Стручни соработници Ученички правобранител | Прво полугодие | Ресурсен тим (одговорен наставник на ученички от парламент, стручна служба, наставници) Техничка поддршка<br><br>Работни материјали | 1. Надградувања на нивните лични познавања учење за емоциите преку дискусија<br><br>Стекнување вештини за донесување одлука во група |
| Организирање Инфо ден | запознавање со детските права: забавно-едукативна програма во делот на Предновогодишните активности | Ученички парламент Стручни соработници Директор Ученички правобранител | Декември | Поддршка од Ресурсен тим, Ученички заедници Хепенинзи Флаери | Учениците се запознаат со детските права |
| ПОДДРШКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕТСКИТЕ ПРАВА | | | | | |
| Поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето. | Ученичкиот правобранител ги препознава прекршувањата на детските права и прибира поплаки и жалби од страна на учениците | Ученички правобранител Стручни соработници | Еднаш месечно | Ученички заедници<br><br>Материјална и техничка поддршка | Прибирање на податоци и забечешки од сите органи и тела на УЗ и стручните соработници; УП е активен набљудувач, Изготвување на месечни извештаи со цел превземање идни активности |

| ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОПЛАКИ / ЖАЛБИ ДО СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ЗА НАТАМОШНО РЕШАВАЊЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Доставување на листа за евиденција на прекршените детски права | 1.Поставување на листата на училишната веб страна<br>2, Разгледување на жалбата и објективност за нејзино проследување<br>3.Разрешување на жалбата | Ученички правобранител<br>Стручни соработници | Секој квартален период | Ученички заедници<br>Материјална и техничка поддршка | Водење евиденција за поднесените и решените поплаки;<br>Поттикнување на активно учество во остварување на детските права |

## 11. Вонучилишни активности

11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Учебната 2024/2025 година ќе се реализираат екскурзии, излет и настава во природа според изготвена програма за екскурзии, излети и настава во природа врз основа на Правилникот за начинот на изведување на екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта. Екскурзии ќе се реализираат со учениците од трето,шесто и девето одделение, настава во природа со учениците од петто одделение и еднодневен есенски излет со учениците од прво до деветто одделение.Програмите ќе бидат изработени од одредени тимови кој го сочинуваат наставничкиот актив од соодветните одделенија и при изработка на истите ќе се почитува Правилникот за начинот на изведување на екскурзии,излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта.

Програмите ќе бидат реализирани по претходно стручно мислење од БРО, разгледување од Совет на родители и усвоени од Училишниот одбор.

### 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

На почетокот на учебната 2024/2025 година ќе се спроведе анкета каде секој ученик ќе направи личен избор за вклучување во одредена вонучилишна активност .

## 12. Натпревари за учениците

Во текот на учебната 2024/2025година, во училишето ќе се организираат училишни натпревари со цел вредување на знаењето,умеењето,вештините и способностите на учениците по одделни наставни предмети. Учениците ќе земат активно учество на општински, регионални, државни и меѓународни ученички натпревари по различни наставни предмети. Преку учествата во натпревари се вреднува нивото на стекнатите знења,умеења и вештини кај учениците, а воедно се разменуваат искуства и добри практики меѓу наставниците . За таа цел, се доставува план за ученички натпревари, со

имиња на ученици – учесници, а за истите се обезбедува и тимска поддршка од наставниците за нивна подготовка.

Нашето училиште, редовно, секоја учебна година, учествува на разни видови натпревари, организирани од акредитирани здруженија. Оваа учебна година училиштето планира да учествува на следните натпревари (на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво):

- натпревар по македонски јазик (одговорни наставници Ана Кралевска, Матилда Бајкова )

- натпревари по англиски јазик (учествуваат ученици од IV до IX одделение, одговорни наставници Александра Чочевска и Кристина Николовска)

- натпревари по математика (учествуваат ученици од IV до IX одделение, одговорни наставници Гордана Ѓорѓиевска, Јасмина Сретеноска и одделенски наставници од IV и V одделение)

- натпревар по биологија (учествуваат ученици од VII до IX одделение, одговорен наставник Дивна Карапанчева)

- натпревар по природни науки (учествуваат ученици од IV до VI одделение, одговорни наставници Дивна Карапанчева и одделенски наставници)

- натпревар по географија (учествува ученик од VIII одделение, одговорен наставник Ленка Ѓоргоска)

натпревар по хемија (учествува ученик од IX одделение, одговорен наставник Валентина Пешевска)

- натпревар по физика (учествува ученик од IX одделение, одговорен наставник Игор Донов)

- натпревар по музичко образование (учествува училишниот хор и оркестар, одговорен наставник Александар Панајотов)

- конкурси по ликовно образование (учествуваат ученици од IV до IX одделение, одговорен наставник Даниела Илиевска Стојчева.

- натпревар „МЛАДИ БИБЛИОТЕКАРИ“ ( може да земат учество учениците од VI-IX одд, одговорен библиотекар Ванчо Љатковски)

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Со цел да се унапреди и продлабочи интеркултурализмот во учебната 2024/25 планирани се повеќе активности кои се доброволни и искрени со цел развивање на свесноста за почит кон различностите. Истите ќе се реализираат на ниво на училиште, но и преку заеднички активности со збратименото ООУ„Братство“ – Карпош и основното училиште „Јахја Кемал“ - Скопје. На овој начин учениците учат да не се

чувствуваат загрозени во присуство на другиот. Се гради сигурност и толеранција. Во активностите ќе бидат вклучени и ученици со посебни потреби. Финалните производи ќе бидат претставени на ретроспективна презентација на крајот на учебната година. Учениците преку реализираните активности градат меѓусебна доверба и партнерство се зајакнува демократската култура и влијаеме на јакнење на меѓуетничката кохезија во образовниот систем. Во училиштето секој наставник во текот на годината изработува работилници на тема МИО кои ги предвидуваат во нивните годишни планирања, а тимот пак реализира самостојни активности во училиштето поврзани со интеркултура.



Го
-М

Ана Видоевска Динева
Ленка Ѓорговска
Ванчо Љатковски
Тања Петрушевска
Сузана Аспровска
Даниела Илиевска Стојчева

***ЕДЕН СВЕТ, А ТОЛКУ МНОГУ БОИ***

***Një botë, shumë ngjyra***

**Годишна програма за Меѓуетничка интеграција во образованието во учебната 2024/2025 година**

| Задача | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | Буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Договор за изработка на ГП | Состанок на СИТ-от за изготвување на ГП | јули | СИТ | Извештаи и прилози | Дискусија, размена на мислења | Изработка на ГП | СИТ | Потрошен материјал |
| Информирање на наставниците за подготвување на МИО планирање | Изработка на план за МИО часови /одделенските часови, предметните... | август | Наставници | ГП | Состанок | Реализиран состанок | СИТ | Потрошен материјал |
| Состанок со Работната група за МИО наООУ„Вера Циривири – Трена“ и ООУ „Братство“ | Разгледување на предлог активностите за заедничка реализација на тема„**Истражуваме, учиме и се дружиме** “ | септември | СИТ на ОС „Вера Цир ри – Трена ООУ „Брат | средба | Разговор Дискусија Размена на мис лења | Планирање апликација грант | СИТ | Потрошен материјал |
| Предлог активности за работилници поврзани со **истражувачки активности** и нивно реализирање со ученици | Размена на идеи и мислења поврзани со активностите под мото **„Истражуваме, учиме и се дружиме“** каде учениците ќе истражуваат во областа на природните науки со цел да стекнат нови искуства и знаења, но и практично истите да ги применат | Октомви ноември | СИТ | Средби и состаноци на СИТ-овите од двете збратимени училишта | Дискусија, размена на мислења | Дефинирање, финализаирање и реализирање на активностите | СИТ – ови од двете збратимени училишта | Потрошен материјал |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Предлог активност и за **истражув ачки активност и** и реализира ње со ученици вклучени во МИО проектот | Размена на идеи и мислења поврзани со активностите за **„Истражуваме, у се дружиме“ -** истражуваат во областа на природните науки со цел да стекнат нови искуства и знаења, но и практично истите ги применат | Декември Февруари | СИТ, наставници ученици | Организира група учени поделба на одговорнос | Работилници (можност за онлајн реализа ција) | Презентира на резултати од работилн | СИТ, наставни ученици | Потрошен материјал |
| Избор на раб лници и нау истажувања поврзани по **„Истражува учиме и се дружиме“** и нивно реализира ње со ученици од збратимен ите училишта | Реализирање на избрани активности/рабо тилници со ученици и наставници од областа на природните науки – хемија, биологија, физика, географија | Март Април | СИТ, наставници ученици | Заедники средби и активнос ти | Работилници | Реализира ње на средби и игри | СИТ настав ници учениц и | Потрошен материјал |
| Анализа и презентац ија на сработенот о во текот на училишнат а година | Ретроспективна презентација на реализираните активности и реализирање на работилници под мото **„Истражуваме, учиме, се дружиме рециклираме и реупотребуваме“** каде учениците ќе истражуваат и практично ќе ги демонстрираат стекнатите знаења | Мај | СИТ, наставници ученици | Организи р- ање и подготов ка на заедничк а средба | Средби, разговори | Средба и коктел | СИТ, наставни учениц и | Потрошен материјал |

**14. Проекти што се реализираат во основното училиште**

Учебна 2024/2025 година во училишето „Вера Циривири-Трена ќе се реализираат многубројни проекти од различни области со активно учествна наставниците, учениците и родителите. При реализирање на проектите планирана е и соработка со локалната средина, БРО, МОН и невладини организации. Проектите ќе се реализираат преку активности, наставни – воннаставни, акции, манифестации, работилници и слично.Целта на планираните проекти е размена на позитивни искуства ,социјална интеграција Проекти кои ќе се реализираат во нашето училиште оваа учебна година:

- **Вештини за адолесценција**
  - Стекнување вештини и способности за здрав и безбеден живот. Формирање на здрави и емотивно стабилни личности на адолесцентите
- **Оспособување и вклучување на учениците во техники и постапки на учење**
  - Запознавање на учениците со техники на учење (аудитивни,всуелни,кинестетички)
- **Заедничка грижа за правилно насочување на учениците**
  - Зајакнување на воспитната компонента преку заеднички активности
- **Стаклена градина**
  - Примена на концептот "учење преку пракса"
  - Одгледување на автохтони и развој на хибридните растенија во нашата стаклена градина
  - Активна работа во одгледување и експериментирање
  - Практичната работа на учениците е од големо значење за нивната едукација и проширување на нивните знаења
- **Напредна биологија за нашата екологија**
  - Проширување на знаењата кај учениците, стекнување искуства за истражувачка работа, мотивација за иновативност во секоја сфера од нашето живеење и развивање на поголема свест кон зачувување на водите во нашата животна средина
  - Примена на научни знаења во научна цел и изведување на истражување
- **Еколошка револуција - ЕКО**
  - Продолжување на употребната вредност – рециклирање
  - Развивање еколошка свест кај учениците.
- **Училиште на 21 век – Клуб за MICRO:BIT**
  - Да се запознаат со уредот micro:bit – што претставува и да научат како да програмираат и кодираат
  - Изработка на проект и правилна презентација
  - Стекнување дигитални вештини
- **Негување на менталното здравје**
  - Учење техники за справување со стресот и обезбедување емоционална,психолошка и социјална благосостојба.
  - Остварување здрави врски
  - Продуктивно дејствување
- Родителство
  - Активно учество на родителот ,стекнување позитивни родителски вештини

| Име на проектот | Цели од реализација на проектот | Име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници | Временска рамка во која се реализира проектот | Средства за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат | Очекувани резултати од реализација на проектот |
|---|---|---|---|---|---|
| Вештини за адолесценција | Стекнување поребни способност и вештини кои ќе имаат влијание на здрави и стабилни личности | Александра Чочевска<br>Татјана Петрушевска<br>Николина Мицковска | Во текот на учебната година | Проектор<br>Флипчарт<br>Литература<br>Потрошен материјал кој се набавува во училиштето | Позитивна атмосфера и воспоставување важни конекции помеѓу учениците |
| Оспособување и вклучување на учениците во техники и постапки на учење | Запознавање на учениците со техники на учење (аудитивни,визуелни,кинестетички) | Татајна Дончевска | Во текот на учебната година | Потрошен материјал и ИТ опрема | Подготвеност на учениците за усвојување на нови техники на учење ,критилки да размислуваат и учат ефикасно |
| Заедничка грижа за правилно насочување на учениците | Зајакнување на воспитната компонента | Одделенски и предметни наставници, стручни соработници | Во текот на учебната година | Потрошен материјал<br>Лаптоп<br>ЛЦД | Формирана култура на живеење ,работни навики,конструктивна комуникација |
| Стаклена градина | Примена на концептот “учење преку пракса”<br>Одгледување на автохтони и развој на хибридните растенија во нашата стаклена градина<br>Активна работа во одгледување и експериментирање | Дивна Карапанчева | Во текот на целата учебна година | Потрошен материјал набавен со освоен грант од Фонд за иновации и технолошки развој | Практичната работа на учениците е од големо значење за нивната едукација и проширување на нивните знаења |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Напредна биологија за нашата екологија | Проширување на знаењата кај учениците, стекнување искуства за истражувачка работа, мотивација за иновативност во секоја сфера од нашето живеење и развивање на поголема свест кон зачувување на водите во нашата животна средина | Дивна Карапанчева | Во текот на целата учебна година | Микроскоп Дигитален фотоапарат Компјутер Аналитичка вага Спектро – фотометар Потрошен материјал набавени со освоен грант од Фонд за иновации и технолошки развој | Примена на научни знаења во научна цел и изведување на истражувања |
| Еколошка револуција – ЕКО | Продолжување на употребната вредност – рециклирање Развивање еколошка свест | Маја Чинго Александра Чочевска | Во текот на целата учебна година | Биоразградливи кеси за селектирање отпад, ракавици, кутии за батерии и ситен електронски отпад | Стекнати знаења за начините на решавање на еколошки проблеми и еколошка криза. |
| Училиште на 21 век – Клуб за MICRO:BIT | Да се запознаат со уредот micro:bit – што претставува и да научат како да го програмираат | Дивна Карапанчева Игор Донов Гордана Ѓорѓиевска Ванчо Љатковски Ана Дионисиева Јасмина Сретеноска | Во текот на целата учебна година | Проектор Компјутер Прирачник – соработка со British Council | Изработка на проект и правилна презентација |
| Негување на менталното здравје | Учење техники за за справување на стрес . | Стручна служба | Во текот на учебната 2024/2025 | Потрошен материјал | Емоционална , социјална психолошка благосотојба |
| Родителство | Активно учество на родителот ,стекнување позитивни родителски вештини | Пепи Стефановска Татјана Петрушевска | во текот на учебната 2024/2025 | Потрошен материјал | Сигурна меѓусебна емоционална приврзаност |

## 15. Поддршка на учениците

15.1. Постигнување на ученците

Во нашето училиште наставниците ги идентификуваат дополнителните потреби за учење преку набљудување на учениците и собирање информации од родителите. На основа на согледаното тие применуваат диференцирана настава и алтернативни методи за оценување со цел совладување на наставните содржини од страна на учениците. Како училиште секогаш го земаме во предвид влијанието на надворешните и внатрешните фактори. Комуникацијата со семејството на ученикот ни е една од битните фактори како и мотивацијата ,активното учество на часот во однос на водење на дискусии,поставување прашања ,изнесувањето на сопствени ставови и размислувања.Земајќи ги во предвид овие фактори наставниците ја адаптираат наставата за да одговара на различни групи ученици и користат збирка со различни стратегии ,од која учениците ќе можат да избират. Наставниците се во постојана комуникација со учениците преку која влијаат на учениците во градење на нивните работните навики кои се значајни за ефикасно учење и постигнување поголем успех во учењетоНашата цел е ученикот да создаде позитивна слика за себе која ќе го охрабри за ефикасно и квалитетно учење. Постигнувањата на учениците се евалуираат индивидуално во ученичките протфолија.

15.2. Професионална ориентација на учениците

Тимот за професионална орентација во текот на учебната 2024/2025 година ќе организира тестирања и советувања со цел да се соберат потребните информации за ученикот за да се има сознанија кои се неговите потенцијали и поедноставно да го креира својот избор на професија.Тимот е во состав од психологот и класните раководители од осмо и деветто одделение. Со учениците од осмо одделение се работи како најлесно да се одлучат за понатамошното образование кое ќе одговара на нивните интереси и вештини. Преку задолжителните наставни и вонnаставни активности во текот на образованието ,учениците имаат можност да се запознаат со различни професии кои ги побудуваат нивните интереси и желби..Се реализираат и презентации од страна на средни училишта на кои им се овозможува на учениците од деветто одделение да бидат подобро информирани и да ги разберат работните компетенции за одредени профили на работа.

15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во учебната 2024/2025 година во континуитет ќе работиме како училишна заедница со истакнување на јасна порака дека насилството и не толеранцијата се неприфатливи во училишната средина. Ќе се воспостават правила во училница кои ќе бидат позитивни кои јасно ќе ги насочуваат учениците како да се однесуваат Ќе се применуваат поучни дисциплински мерки кои ќе бидат фокусирани на несоодветното однесување ,разговори зошто настанало и што треба да се преземе за да се поправи. Тимот за превенција од насилство ќе реализираат низа активности како дел од превентивната

програма за ненасилно решавање конфликти и создавање на безбедна средина како и смирување на ситуации. Секој учени ќе се чувствува безбеден и добредојден во училиштето..Соработката со релевантните служби ќе продолжи во насока безбедно и сигурно физичко позитивно психосоцијално опкружување за учениците Наставниот кадар во континуитет стручно се усовршува и ја унапредува личната компетенција за адекватно разбирање на поимот насилство,постапување и водење на процес на заштита на ученик од насилство,злоупотреба и занемарување.Училиштето има протокол за спречување и постапување во случај на насилство и доследно ќе го применува доколку има потреба од тоа.Стручната служба и наставниците во континуитет пружа помош и поддршка на учениците преку разговори и водење дискусии преку кои ги охрабруваат учениците да кажуваат за тоа што се случува ,а ќе бидат спроведувани и анонимни прашалници. Преку разновидни активности ќе се настојува учениците да стекнат вештини за мирољубиво разрешување конфликти и да ги унапредуваат своите социјални вештини и самодоверба. Соработката со родителите ќе биде на највисоко ниво со цел спречување на секакво агресивно однесување .Родителите ќе бидат информирани за однесувањето и постигнатиот успех на учениците како и за однесувањето кое е загрижувачко кое асоцира на некој проблем ,а воедно се очекува од нив доколку тие забележат одредено однесување кое се издвојува да бидеме информирани како воспитно образовна институција.Целта на сите наведени активности е создавање на услови за правилен психосоцијален и физички развој на учениците.

## 16. Оценување

### 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Во училиштето наставниците редовно и системски го следат напредувањето на секој ученик Согласно Законот за основно образование и стандардите за оценување пропишани од МОН и БРО се применува формативното оценување кое е составен дел на сите фази во наставата ,од планирање до рефлекија на наставникот.Во формативното оценување вклучени се и учениците кои се информирани од страна на наставникот што треба да се постигне/научат како да го постигнат и како треба да учат. Во континуитет се потикнуваат да поставуваат прашања и водат дискусија. Со цел увид во начуеното од страна на ученикот ,наставниците секогаш даваат конструктивни повратни информации за стекнување појасна слика за тоа како напредуваат. Задолжително се применува сумативното оценување кое всушност е различни видови контроли од страна наставникот во одреден временски период . Се применува и дијагностичко оценување преку давање препораки или прогнози за постигнувањата и за натамошен напредок на одреден ученик. Критериумите за оценување на постигнањата на учениците се темалат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Постапките на наставниците се доволно флексибилни и секогаш ги балансираат планираните активности со активностите и изборот што го иницираат учениците , барајќи начини да ги задоволат индивидуалните стилови на учење.

Учениците од од I до III одделние се оценуваат описно ,а учениците од IV до IX одд. Секој наставник води ученичко портфолио кое ги содржи нивни изработки,тестови,проекти со цел континуирано следење на учениците и формирање

на реална оценка. За учениците со ПОП оценувањето е според ИОП односно нивните потреби.Оцените се внесуваат во е-дневник и во евидентните листови на крајот на првото тримесечие, првото полугодие и третото тримесечие кои се достапни на родителите.
Во нашето училиште оценувањето е транспарентно и објективно со давање можност за корекција и подобрување на резултатите.Во континуитет постои соработка со родителите кои навремено од страна на наставниците се информирани за очекувањата,напредувањата и постигањата.Во текот на учебната година по потреба се формира комисија за повторна проверка на знаењето на учениците соодветна по предмети.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведување на процесот оценувањето се директорот, стручна служба и наставници кои изготвуваат план за следење и анализа на состојбите со оценувањето со одреден временски период за конкретни наставни предмети. Тимот следи дали постои усогласеност со предвидените стандарди и критериуми за оценување. Тимот планира и реализира посета на часови и врши увид во дневните подготовки ,а воедно врши анализа на добиените податоци за успехот на учениците по квалификационите периоди. Во училиштето се почитува процедурата за поплаки и жалби по добиени оценки , и се спроврдува согласно Законот за основно образование.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во текот на учебната 2024/2025 година ќе се реализираат посети на часови од страна на директорот и стручната служба при кои ќе користат образец за следење на наставен час како образец за вреднување на планирањата согласно Прирачникот за следење на работата и планирање на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници во основните училишта.При посетата на часови во континуитет се следи и комуникацијата со учениците и нивно оценување, и работната атмосфера. Вреднувањетосе врши со цел сознанијата од тоа следење и вреднување да послужат како основа за планирање на идната нивна работа.По посета на часот се води дискусија со наставниците за реализацијата на наставниот час во која се истакнуваат предлози и сугестии за унапредување на нивната работата.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Секоја втора година согласно Законот за основно образование се изработува Самоевалуација на училиштето за две години .Самоевалуација ја спроведуваат тимови од наставници вработени во училиштето распоредени по подрачја согласно индикаторите за квалитетот на работата на училиштето. Целта на самевалуацијата е констатирање и вреднување на состојбите во училиштето кое води до поттикнување на промени за подобрување на констатираната состојба. По идентификување на јаките и слаби страни во секое подрачје се планирани активности приоритети со цел задржување на јаките страни,како и надминување на констатираните слабите страни,а воедно се донесуваат заклучоци за тоа каде се наоѓа нашето училиште и во која насока се движи.

## 17. Безбедност во училиштето

Пред започнување на учебната година ,училиштето ги прилагодува условите за реализирање на наставата.За безбедноста на учениците и вработените на почеток на учебната година Советот на родители одлучува и избира компанија за обезбедување на учениците за време на престојот во училишето.

Со цел превенирање од сите облици на девијатно однесување  и насочување на енергијата во позитивен правец во училиштето ќе се реализираат низа работилници преку кои ќе настојуваме од страна на ученците да бидат прифатени вистинските,морални,етички ,хумани и социјални вредности што ќе води кон развивање на однос на доверба и соодветна комуникација меѓу учениците. Училиштето обезбедува безбедно физичко опкружување со заштита од физички и хемиски ризици кои можат да ја загрозат безбедноста на учениците и вработените.Се применува политика за обуки и квалификација на наставници за едноставни здравствени интервенции .Во континуитет се спроведува и здравствено образование.Училиштето во континуитет изработува програма за заштита и безбедност како и упатство со постапки за превенција и заштита од природни и други несреќи.  Во прилог планот за евакуација на училиштето.



**18. Грижа за здравјето**

**Главно мото оваа 2024/2025 учебна година е:**

**„Грижа за здравјето-квалитетен живот“**

Здравјето е најбитен фактор за правилен развој на човекот и затоа секогаш е потребна посебна грижа, нега, превенција и едукација. Ќе се продолжи со активности и содржини од областа на здравственото воспитание и заштита со цел да се создаваат здрави навики на живеење и исхрана, да се развива свест за штетноста од употреба на цигари, алкохол и дрога и заштита од заразни болести.

**Цели:** Стекнување висока свест кај учениците и навика за редовна хигиена и контрола за хигиената, здравата исхрана, и умешност да прави здрав избор ,да избегнуваат пакувана храна,и јадат разновидна храна.

Нашето училиште примарно се грижи за здравјето на нашите ученици и со таа цел тимот на ООУ „Вера Циривири – Трена” подготви активности во текот на учебната година со цел грижа за здравјето на нашите ученици и вработени кои ќе се реализираат на следниот начин:

- **Превенција од алкохол и дрога** - Предавање, 8 и 9 одделение
- **Превенција од болести и заболување - ХИВ Сида** - Предавање, 8 и 9 одделение
- **Предавање за борба против семејно насилство** – 9 одделение
- **Работилница - читање на текстови за зависности**, 8 и 9 одделение
- **Заштита од сонце во лето - предавање за заштита и превенција од топлотен удар,** сите о дделенија од 1 до 9 одделение
- **Заштита на Планетата Земја** - Предавање, 7 и 8 одделение
- **Заштита од педофилија - Предавање**, 8 одделение
- **Превенција и заштита од вируси** - Предавање, сите одделенија од стоматолог од Стоматолошка ординација
- **Едукација -Здрава храна и добри навики за среќни деца**- Предавање, работилници ,изработки на прокекти сите одделенија од наставници,стручни соработници и соработка со родители.

Во текот на учебната 2024/2025 година грижата за здравјето на нашите ученици е главен приоритет .Во согласност на оваа наша цел ќе се реализираат работилници и предавања од различен карактер.

На учениците им се обезбедува здрава училишна средина преку зајакнување на позитивните хигиенски навики и однесувања

18.1 **Хигиена во училиштето**

Хигиената претставува битен фактор за постоење на здрава училишна средина каде учениците поминуваат голем дел од денот. Поради тоа, училиштето превзема активности кои придонесуваат за одржување на високото ниво на хигиенски услови

кои ги обезбедува персоналот и учениците, а тоа подразбира: бришење на прашината на работните површини и на надворешен дел од мебелот бришење на рамки на прозорци, на влезни и внатрешни врати, бришење и миење на стаклени површини, бришење на санитарен простор, метење пред влезните врати. Училиштето обезбедува доволна количина на средства за одржување на општа и лична хигиена, средства за дезинфекција на вработените,учениците и просторот. За хигиената во училиштето се покрај техничкиот персонал придонесуваат сите вработени и ученици преку разни акции за чистење или едукативни работилници.

• Предавање за лична хигиена и правилни навики за грижа за здравјето од страна на одделенските раководители за време на одделенскиот час. Одбележување на „Светски ден на здравјето“ - предавање, сите одделенија од 1 до 9 одделение

• Едукација и работилница – едукација за орално здравје од страна на одделенските раководители за време на одделенскиот час , предавање од страна на стоматолог за орално здравје од 1 до 5 одделение и работилница на тема –Правилно миење на забите

• Превенција од вошливост - проверка во 1, 2, 3 и 4 одделение

• Работилница - вируси и бактерии во 1 и 3 одделение

• Предавање за превенција од болести и психотропни супстанци во 8 одделение од страна на стручно лице од Психијатриска болница "Бардовци"

• Предавање за хигиена на половите органи во 8, 9 одд. од страна на стручно лице од „Клиника за заразни болести“ – Скопје

• Предавање - хигиена во училница во сите одделенија од 1 до 9 одделение

## 18.2. Систематски прегледи

- Систематски прегледи се прегледите за учениците од: Iодд, IIIодд, Vодд, VIIодд и IXодд., кој опфаќа:мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат заучениците од I одд до VIодд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во училишниот диспанзер " Карпош "со одд.раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации,состојби,укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците. Акционен план за систематски пр

18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во училишниот диспанзер “ Карпош”во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI доIX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител.-Iодд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP(морбили,рубеола, паротит) -IIодд и IIIодд -ревакцина DT Polio(дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за ТВС . По добиените резултати од проверката следи вакцина.-VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по коиследат ревакцини.Во периодот до12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените ,а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции(три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.-IXодд-само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.. Вакцинирањето е составен дел од грижата за учениците и тоа се спроведува во различни периоди од воспитнообразовниот процес на учениците зацртани во календарот за имунизација

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

• Разговор и презентација на тема „Здрава храна - начин на добар живот“ предавање од страна на стручни лица во 1 до 9 одделение .Едукација за видови на здрава храна ,превенции од алергии(полен).Работилница –Здрава храна ,подобро здравје. .Одделни содржини за едукација за здрава исхрана се опфатени и ќе се реализираат со програмите на некои наставни предмети .Животни вештини со организирани работилници. Ќе се организираат предавања на повеќе теми од обласка на здравствената заштита, за здрав начин на живеење на учениците, заштита на здравјето, изградување на свест за заштита од опасност штопроизлегува од ширење и употреба на дрога, никотин, алхохолизам, сида и други болести.Тоа се планира да се направи преку предавања од стручни лица и работилници.Посебно внимание ќе се посвети на естетскиот изглед и на хигиенските услови во внатрешните простории на училиштето и училишниот двор.

Повеќето активности кои придонесуваат за развој на физичкото и психичкото здравје на учениците ќе бидат реализирани со програмите на наставните предмети како и со реализација на вонnаставните активности- акции и предавања во класовите,преку работата на училишните секции(еколошка секција, , Црвен Крст) и друго

• „Исхрана и здравје“ - предавање од страна на стручни лица , соработка со родители , наставници во сите одделение
• Едукација за видови на здрава храна (сирова, ретехнолошки обработена)
• Работилница за правилна исхрана и контрола во внесување шеќери

Во училиштето редовно ќе се организираат и реализираат активности со кои ќе се едуцираат учениците за правилна исхрана, за водење здрав начин на живот и консумирање здрава храна. Сето ова ќе се реализира преку разговори на одделенските часови, учества на предавања и презентации, изработка на проекти , организирање денови на здрава храна и сл.Носители на овие активности ќе бидат одделенските раководители, стручна служба,ученици, родители.

**19. Училишна клима**

19.1. Дисциплина

Во училиштето постојат правила на однесување по кои учениците задолжително мораат да се придржуваат, и во континуитет учениците постојано се подучуваат .Во училиштето учениците градат и шират пријателства а со тоа постојат и расправии и судири на интереси кои наставниците заедно со стручната служба ги разрешуваат .Моделот на позитивна дисциплина е движечки мотив во училиштето. Учениците се насочуваат на самодисциплина со цел контрола на мислите и емоциите. Наставниците при реализација на испланирани и подготвени активности одржуваат добра работна атмосфера во училницата,и навремено реагираат доколку има потреба за тоа. Во училиштето не е дозволено да потрае неприфатливо однесување . Со недисциплината се справуваме преку точно детектирање на изворот и конкретно обраќање и пристојно разговарање со него. Секој наставник најпрво е наставник на учениците ,а потоа пријател.

Со план за дисциплина се определени одговорни – дежурни наставници по катови, во училишните ходници, тоалет и училишниот двор во текот на работниот ден- за секој ден од неделата. Дежурството на наставникот започнува 30 минути пред почетокот на наставата. На влезна врата дежурните наставници (од предметна и одделенска настава) прават прием на учениците.

Дежурниот наставник го евидентира текот на дежурството и случувањата во тетратка за евиденција на дежурство. Успешното одржување на дисциплината во училиштето се регулира според повеќе правни акти како: Правилник за однесување на учениците, Правилник за однесување на родителите и Правилник за однесување на наставниците во училиштето, Куќниот ред на училиштето .Според Законот за основно образование (Сл.весник бр.161/19,член72) Интерен акт за изрекување на педагошки мерки за учениците.Во училштето се формира Тим за поддршка кој ќе работи со родителот/старателот,ученикот,наставникот и паралелката со цел надминување на проблемот. За надминување на проблемите во дисциплината континуирано ќе се водат разговори помеѓу: ученик-наставник, ученик-стручен соработник (педагог/психолог), а по потреба и со родител според Правилникот за советување на родителите /старатели, изготвен врз основа на Законот за основно образование член 76,77и 78.

19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тимот за естетското и функционалното уредување на училиштето и преставници од ученичкиот парламент во континуитет се грижи за амбиентот и уреденоста на

училниците,холовите и училишниот двор. Преку разубавување на просторот директно влијаеме на самата училишна клима која има големо значење за ефективна комуникација. Учебна 2024/2025 година ќе спроведуваат активности според план за естетско и функционално уредување . При спроведување на активностите се почитува мулти – културализмот во училиштето. Ќе се уредува училиштето по повод одредени празници интерни претстави и поводи преку уредувања на училишните паноа со изработки на учениците, а ќе се посвети внимание и на уредување одредено катче во училишниот двор.

Целта е преку вклученост на учениците да се градат работни навики и смисла за естетика и креативност кај учениците.

19.3. Етички кодекси

# *К О Д Е К С Н А О Д Н Е С У В А Њ Е*

## *ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ*

1. Учениците се должни да ја посетуваат наставата редовно,како и да ги извршуваат сите обвски утврдени со Годишната Програма за работењето на училиштето.
2. Во училиштето се доаѓа 15 минути пред почнувањето на наставата ,без задоцнување,задоцнувањето се смета како неоправдано отсуствување.
3. Отсуствувањето од часови ученикот или родителот се должни да го оправдаат во рок од најмногу 7 дена,во спротивно ќе се сметаат за неоправдани.
4. Стого е забрането носење на оружје и орудија и енергетски пијалици во училиштето, со кои би можело да се повредат другите.
5. Строго е забрането носење и конзумирање на алкохол,цигари и дрога во објектот и дворот на училиштето.
6. Забрането е и казниво фрлање на петарди во објектот и дворот на училиштето.
7. Казниво е секакво физичко и психичко малтертирање и предизвикување на тепачки,како и учествувањето во истите.
8. Учениците се должни да се почитуваат меѓусебно,како и да ги почитуваат наставниците,вработените во училиштето и возрасните.
9. Задолжително е учениците да ги почитуваат учениците разликите по етничка и националност припадност и вероисповед.
10. Забрането е навредување и омаловажување на учениците на основа на материјалниот и социјалниот статус.
11. Најстрого е забрането изнудување на пари или други предмети од учениците.
12. Строго е забрането и казниво уништувањето на училишниот имот,пишувањето по зидовите,чкртање по маси и столови и слично.
13. Забрането е и казниво да се снима со мобилен телефон, да се снимаат ученици или пак тепачки помеѓу нив.
14. Ученикот го претставува училиштето и кога не е во неговите простории и треба да знае дека тоа неговото однесување го зголемува или намалува угледот на училиштето.
15. На училиште се доаѓа чист,исчешлан и во гардероба која е соодветна за возраста и ситуацијата.Строго се забранува на училиште да се доаѓа во мини-сукња,маица на прамки,кроп топ кратки панталони...

16. Забрането е во училиште учениците да се доаѓаат нашминкани,фарбани и со надградба на нокти може да се користи само сјај за усни...
17. Задолжително е книгите од училишната библиотека како и учебниците да се враќаат навреме,во дадениот рок и во состојба каква што биле кога се земале .

## *ПРАВИЛА ВРЗАНИ ЗА НАСТАВАТА*

1. Ученикот има обврска редовно да посетува настава и активно да учествува во наставниот процес
2. Неприфатливо е нарушување на работната атмосфера.
3.Часот не е наменет за консумирање на јадење и пијалоци, за тоа е предвиден одморот.
4. Користење на мобилни телефони за време на настава дозволено е само под надзор на наставник ..Доколку некој од учениците го користи самоволно , наставникот има право да му го одземе,да го однесе кај Директорот или педагошко-психолошката служба, каде ќе остане се додека не дојде родителот да го земе.
5. Казниво е препишувањето на контролните и писмени задачи,како и секакво друго однесување со кое може да им се наштети на останатите ученици.
6. На час треба пристојно да се седи, а не да се лула во столчето, да се лежи на клупата и слично.
7. Учениците кои имаат незадоволителни оценки, треба да посетуваат дополнителна настава.
8. Учениците не смеат неоправдано да отсуствуваат од часови. Отсуствувањето од одреден час го одобрува одделенскиот/предметниот наставник, подолгите отсуства се оправдуваат само со медицинска белешка

## *ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ВРЕМЕ НА ОДМОРОТ*

1. Во училиштето треба да се влегува во ред и без туркање.
2. Строго се забранува трчање по ходниците и скалилата.
3. Забрането е да се фрла ужината низ ходниците и училишниот двор.
5. Училишниот Тоалет треба да служи за својата намена, а не за собирање на учениците во него како и за фрлање на отпадоци од ужинки, пластични шишиња и сл..
6. Казниво е непристојно допирање со кое се навредува личноста на друг ученик.
7. За време на малиот одмор учениците се подготвуваат за наредниот час

19.4 Односи меѓу сите структури во учииштето

Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиште и училишен двор) .
Со овој правилник се утврдуваат основните правила на однесување на вработените, учениците, родителите и други лица.
Со почитување на правилата се обезбедува: успешно одвивање на воспитно - образовната работа; подобрување на работната дисциплина; безбедност во училиштето и заштита на училишниот имот.

**1.Однесување на наставниците**

-Однос кон работното место, работата.

-Наставникот е пристојно облечен и уреден.

-Навремено доаѓа на работното место.

-Навремено започнува со наставниот час.

Со своето однесување, начин на комуникација и културен однос во секоја ситуација наставникот е позитивен пример за учениците кои ги образува и воспитува.

Наставникот со учениците, нивните родители, колегите, вработените во училиштето се однесува коректно, користи културна терминологија.

Наставникот е одговорен за работната атмосфера, дисциплината и безбедноста на учениците на часот.

Наставниците за време на часовите не треба да користат мобилен телефон.

Постојано стручно се усовршува и сознанијата стекнати на тој начин ги применува во секојдневната воспитно-образовна работа.

Наставникот има целосен увид за случувањата во училницата каде реализира наставен час-отсутни ученици, хигиена, состојба со инвентар, учебници.

Наставниците се должни редовно и активно да се вклучуваат во работата на Стручните органи на училиштето.

За секое отсуство од работа или предвремено заминување, треба да биде известен директорот.

Секој училишен проблем треба да го решаваат навремено, конструктивно, постапно (наставник - ученик, наставник - ученик - одделенски раководител, наставник - ученик - родител, наставник - ученик - стручна служба).

Одделенскиот раководител е должен да биде во постојана комуникација со родителот, навремено и конкретно да го информира, да бара ангажман и соработка во решавање на проблемите.

Педагошката евиденција и документација да ја води уредно, педантно и без корекции.

**2.Однос кон учениците**

Не е дозволено наставникот да отстранува ученици од часот.

Наставникот има обврска да го прими на час ученикот кој доцни и истото да го евидентира.

Забрането е телесно и психичко малтретирање на ученикот.

Рационално изрекува и предлага педагошки мерки за учениците од паралелката.

Секој ученик за време на престојот во училиштето треба да се однесува културно и да биде пристојно облечен.

За време на часовите, учениците се должни мобилните телефони да ги исклучат.

Ученикот е должен да влезе во училницата пред наставникот.

Ученикот има обврска редовно да ја посетува наставата и да ги исполнува планираните обврски и задачи што се предвидени со наставниот план.

Излегувањето односно влегувањето во училиштето и училницата, движењето по ходници се одвива дисциплинирано и во најдобар ред.

Ученикот не може да го напушти часот без дозвола на наставникот кој го води тој час.

За секое отсуство од часовите ученикот е должен навреме да го извести одделенскиот раководител (или предметниот наставник, стручната служба, директорот).

Ученикот е должен да ја почитува личноста на другите ученици, наставници и вработени во училиштето.
Ученикот е должен совесно да работи на усвојувањето на знаењата, вештините и вредностите пропишани со училишната програма и согласно тоа да не пречи во изведувањето на наставата
За време на наставата не смее да се нарушува редот и тишината во училишната зграда и во училишниот двор.
Ученикот, односно родителот или старателот, одговара за материјалната штета што ќе ја направи ученикот во училиштето, намерно или од крајно невнимание (неодговорно однесување).
Ученикот треба да се воздржува од употреба на навредливи зборови, поттикнување и учество во тепачки.
Ученикот треба да се грижи за училишниот инвентар во училницата и училишниот двор.
Учениците е должни да се грижат за хигиената во училиштето и блиската околина.
По завршување на училишните активности и обврски ученикот треба мирно да замине од училиштето и училишниот двор.
За учениците кои ги прекршуваат правилата на воспитно-образовната работа се применуваат мерки што се утврдени со Законот за основно образование .
Учениците се пофалуваат и наградуваат на начин утврден со Законот за основно образование.
Да ги почитуваат и да покажат толеранција кон другарите без разлика на верата и националната припадност.
Учениците не смеат да вршат психичко и физичко малтретирање на учениците и вработените во училиштето.
Ученикот во училиштето не смее да употребува вулгарни или навредливи зборови или да зборува со многу висок тон.
Родителите на учениците и други надворешни лица имаат обврска да ги почитуваат правилата и другите општи акти на училиштето.
Родителите и другите надворешни лица при влегување во Училиштето имаат обврска да се пријават кај дежурното лице.
Треба да се однесуваат културно и коректно кон учениците и вработените во училиштето.

**3.Однесување на родителите**

Родителите треба редовно да се интересираат за учењето и однесувањето на своето дете.
Родителите треба да соработуваат со одделенскиот раководител, предметните наставници ,стручна служва ,директор и редовно да доаѓаат на родителските средби.
Родителите треба училишните проблеми да ги решаваат низ директна и конструктивна комуникација исклучиво со одделенскиот раководител, наставниците, стручната служба, директорот.
Доаѓањето на родителите во училиштето е според потребите поврзани со ученикот.

Во текот на учебната година планирани се минимум 4 општи родителски средби, а по потреба и повеќе.
Индивидуалните средби на наставниците со родителите ќе се одвиваат согласно распоредот за приемни денови на наставниците и по потреба.
Групните средби се реализираат по потреба.
Надвор од планираното време родителите не треба да престојуваат во училиштето.
Родителите се должни навремено да ги најавуваат и оправдуваат отсуствата на своето дете во рок од 7 дена.
Родителите треба да го почитуваат временскиот распоред на часовите и да не влегуваат во училница за време на наставата.
Секоја намерно направена штета од страна на ученикот, родителот е должен да ја надокнади.
Средба со родителите во училиштето е со претходна најава.
Не е дозволено родителите да се расправаат со соучениците на своето дете.

## 20. Професионален развој на образовниот кадар

### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Професионалниот развој претставува сложен процес кој подразбира постојано развивање на наставнички компентенции за да се создаде квалитетен воспитно - образовен процес,а со самото тоа од тој процес да произлезат генерациии на ученици кои во понатамошниот живот и работење ќе бележат високи квалитетни постигнувања. Преку самиот професионален развој на нставниците и стручната служба се овозможува еден континуиран целоживотен процес на истите за проширување,и продлабочување на неговите знаења како и стекнување вештини и способности за професионално извршување на работните задачи поврзани со наставни и вонnаставни активности.Преку професионалниот развој наставникот се оспособува да соработува со неговите колеги ,училишниот менаџмент ,училишната стручна служба како и родителите и локалната заедница каде функционира училиштето во кое работи.Преку континуираниот професионален развој наставникот се оспособува спремен да ги дочека сите промени во сферата на образованието кои ги носи оппштественоиот систем,а тоа подразбира примена на сите новопродуцирани реформи .

### *20.2Активности за професионален развој*

Истиот се базира на моделот на конструкција на знаењето , долгорочен процес,присатна е континуирана подршка и следење на примената на стекнатото знаење . Наставниците преку примена на рефлексија се оспособуваат да бидат добри практичари и истражувачи кои ги имплементираат знаењата , а воедно и го подобруваат успехот и ученичкото постигање и промоција за подобрување на наставничкат професија во општеството.

**ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИОТ КАДАР**
**учебна 2023/2024**

| Компетенции | Тема/ наслов/носител | Активности и форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на професионален развој | Потребни ресурси | Учесници | Улога на учесниците | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје: Социјална и образовна инклузија**<br>4.1.11 Индивидуално работење со ученици на кои им е потребна помош | Индивидуален пристап на работа со ученици кои покажуваат потреба од помош при совладување на материјалот | Индивидуален разговор со ученици за изнаоѓање на начини за усвојување на наставните содржини<br>-Соработка со колегите од активот; | Зголемен интерес кај учениците.<br>Збогатено и унапредено знаење.<br>Поголема вклученост на децата со ПП во наставата и совладување на наставната содржина. | Индивидуален,<br>во училиштето | Нагледни средства<br>Анкети на ученици<br>Техники и методи на презентација | Наставници/<br>предметна настава | Учесници/<br>Реализатори | Септември<br>јуни |
| **Подрачје: 2.3.Оценување на учениците**<br>2.3.11 Подготвување извештаи за постигнувањата на ниво на паралелка /наставен предмет и користење на сознанијата за подобрување на наставата и учењето | Примена на стекнатите сознанија за резултатите на учениците за подобрување на образовниот процес | -Изработка на квартални статистички анализи за споредба на постигнувањата на учениците<br>-Развивање на стратегија за подобрување на успехот | Развивање на критичко размислување, учење со разбирање и примена на стекнатите знаења за подобрување на успехот на учениците | Индивидуален/<br>интерен<br>во училиштето | Сумативно и формативно оценување<br>Тестови на знаење<br>Наставни листови<br>Квизови<br>Проекти | Наставници/<br>предметна настава | Учесници/<br>Реализатори | Септември<br>јуни |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје: Училишна клима** **3.2.5-** Организирање на учениците во заеднички активности каде до израз доаѓа меѓуврсничката соработка (продолжува | Креирање и организирање на активности за вклучување на учениците во заедничка соработка | -Поттикнување на учениците на соработка и нивно вклучување во носење одлуки со цел развивање на нивното чувство на припадност кон училиштето и средината; -Користење на стратегии за почитување на културните и родови разлики помеѓу мултикултурни работилници и МИО активности. | Поседување комуникациски вештини базирани на почит, етичност и свесност. | Интерен во училиштето | Работилници, документарен филм | Наставници/ предметна настава | Учесници/ Реализатори | Септември јуни |
| **Идентификување можни ресурси за соработка со заедницата** **5.1.4** | Запознавање со можности за соработка со локалната заедница | Изнаоѓање на можности и ресурси за соработка на наставникот со заедницата со цел подобрување и збогатување на наставните соджини | Подобрување на можности и ресурси за соработка на наставникот со заедницата со цел подобрување и збогатување на наставните соджини | Со надворешни професионални бизнис ентитети здруженија/ | Соработка со заедницата | Наставници/ предметна настава | Учесници/ Реализатори | Септември јуни |
| **Подрачје: Следење и поддршка на развојот на учениците** | Превенција на различни теми поврзани со физичкото и | Работилници, Предавања дискусии | Развивање на меѓусебна поддршка,емпатија и одговорнос | Интерен во училиштето | Анкети Есејски | Стручна служба | Учесници/ Реализатори | Во текот на првото полугодие |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.2(7)Реализирање работилници и други активности со ученици за превенција на различни теми поврзани со физичкото и менталното здравје<br>(на пр.зависност ,справување со стрес,справување со насилство,асоцијално однесување, справување со дискиминација исл) | менталното здравје(на преку индивидуално следење на учениците и организирање работилници и ипредавања | | т како клучни вредности | Со надворешни професионални лица /здруженија/ БРО | прашања | | | |
| **Подрачје: Училишна клима**<br>**3.2.7** Поставување прашања, поттикнување на учениците да поставуваат прашања и стимулирање дискусија | Поттикнување на учениците да поставуваат прашања | -размена на искуства со училишниот психолог и колеги<br>-проективна техника<br>-одржување на заеднички часови<br>-интерактивни работилници со примена на вежби и техники со драматиација | Ученици со развиена самопочит. Ученици кои ќе умеат да одговорт и постават имплицитни прашања.<br>Ученици со развиен соодветен модел на говорење и изразување. | Индивидуален во училиштето | -тим од колеги<br>стручна служба<br>презентации<br>план за самостојно учење | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатори | Септември-јуни |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Подрачје: Соработка со семејствата и локалната заедница**<br>5.1. точка 1<br>Вклучување на семејствата во планирање активности на паралелката и училиштето | Поттикнување на родителите за активно вклучување во животот и работата на училиштето | Заеднички средби со родители за планирање на вонnaставни активности за:<br>-оддржување стручни предавања во паралелката или на ниво на училиште;<br>-одбележување на значајни настани ; | Подобрување на комуникацијата и соработка со родителите и заедницата, взаемно почитување ,прогрсивно усвојување на правилата<br>Зајканување на воспитната компонента | Интерен<br>во училиштето | Компјутер, ЛЦД проектор, презентации,Потрошен материјал<br>Средства за соодветно одбележување на значајни настани | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатор | Во текот на целата учебна година |
| **Подрачје: Реализација на настава**<br>**2.2 точка 8**<br>Снаоѓање во нови и непредвидливиситуации и и ставање во контекст на настава (далечинско учење во вонредни ситуации) | Примена на стекнати знаења и вештини за користење на различни медиуми и технлогија за подобрување на образовниот процес преку далечинско учење вовреме на вонредни ситуации | -обука за користење на платформи за далечинско учење<br>-изработка на наставни листови, презентации и видео часови со примена на различни платформи | Стимулатив на средина соодветна на развојно ниво, превземање иницијатива за поттикнување на разбирање и примена на различна ИКТ во наставата | Индивидуален во училиштето<br>Со надворешни професионални лица | -стручна литература<br>прирачници<br>-заеднички часови<br>презентации<br>-ИКТ | Наставници/<br>одделенска настава | Учесници/<br>Реализатори | август-јуни |
| **Подрачје:Создавање стимулатив** | Изготвување на правила за безбедно | Стручно предавање од надворешен | Безбедно користење на современит | Интерен | Современи средства за | Наставници/ | Учесници/ | -ноември |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **на средина за учење**<br>3.1. точка 3<br>Воспоставување правила за безбедна употреба на материјалите и средствата за работа вклучувајќи ја и ИКТ | користење на средставата за работа и ИКТ опремата | соработник во паралелките<br>Обуки и семинари за безбедно користење на ИКТ и современите средства за комуникација | е средства на комуникација во процесот на учење | во училиштето<br>Со надворешни професионални лица | комуникација ( е – пошта, социјални мрежи, блогови,<br>ЛЦД, проектор, паметна табла | одделенска настава | Реализатори | - февруари |

Дополнително, во зависност од материјално - техничките ресурси во училиштето ќе се изработат акциони планови за посета на обуки, семинари (во училиштето и надвор од него), работилници на најразлични теми, поттикнати од потребите на наставниците и за истите ќе се изработуваат извештаи.

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување како и континуира подршка за следење и примена на образовните реформи.

## ***20.3 Личен професионален развој***

Секој наставник е задолжен во рамките на сопствените потреби, интереси и за потребите на училиштето да следи стручна литература, да посетува семинари и обуки. Професионалниот развој на наставникот се евидентира во неговиот педагошки картон и во неговото сопствено професионално досие кое го водат стручните соработници, а во кое имаат увид и директорот и инспекторите од ДПИ.Заради малите материјални средства на училиштето, поради немање листа на лиценцирани обучувачи и нивни доставени програми наставниците не се во можност однапред да планираат обуки кои ги организираат надворешни субјекти., а кои ќе придонесат за подобрување на поквалитетна настава.Најчесто се посетуваат обуки кои ги организираат МОН, БРО, УСАИД, итн .Затоа училиштето врз основа на потребите на наставниците ќе достави барања до сите овие организации за одржување на обуки за кои се заинтересирани наставниците и секоја обука ќе биде евидентирана според Законот за основно образование. Во текот на годината ќе се следат часови одржани од страна на наставниците, одржување на додатна и дополнителна настава, работа на секциите, ќе се направат повеќе проверки по пат на тестови и училишни натпревари на ниво на генерации и по дадени предмети.

### *20.4 Хоризонтално учење*

Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставници и стручните соработници. Оваа учебна година како и секоја претходна наставниците на ниво на активи ќе разменат искуства во соработка со стручната служба и директорот на училиштето. Хоризонталното учење е карактеристика на современиот наставник кој знае и учи,кој умее и и инспирира.

### *20.5 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Училиштето се грижи за кариерниот развој и напредокот на воспитно-образовниот кадар преку организирање на интерни обуки и обезбедување на финансиски средства за овозможување на следење обуки организирани од стручни надворешни лица во и вон училиштето.

Во училиштето има наставник , стекнат со звање наставник-ментор, Дивна Карапанчева, наставник по биологија , кој менторира најмногу два наставника приправници и работи на унапредување на наставниот кадар во училиштето , а воедно го надоградува и својот личен кариерен развој.

Училиштето се грижи и дава поттик и поддршка и на друг наставен и ненаставен кадар во училиштето за лично и кариерно напредување во звања.

## 21.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Училиштето ја продолжува соработката со родителите со цел создавање услови за развој на ученикот и дава позитивни исходи.Континираната соработка е во насока на поттикнување на позитивно насочен развој на ученикот и негово напредување. Преку воспоставена соработка ќе градиме взаемна доверба и почит и со заедничко учество како комплементарни субјекти во животот на ученикот ќе влијаеме на формирање на личноста.

Соработката со родителите ќе се остварува преку:

**Индивидуални средби со родителите**

Секој наставник има изготвен распоред за приемен ден на родител/старател( ден во неделата и час) за континуирана комуникација и одговорност на родителот за учество во донесување одлуки кои се однесуваат на грижата на нивните деца иследење на активностат и развојот на ученикот.

**Групни родителски средби**

Одделенскиот раководител ги најавува со покана за родител/старател (датум, време, место)делува во рамките на соработката со училиштето со родителите заради разгледување прашања од заеднички интерес поврзани со реализација на процесот на воспитно-образовната работа

**Советот на родители** е орган кој го сочинуваат родители на ученици од секоја генерација и се многу важен фактор во животот и работата на училиштето. Тие помагаат во целокупната работа на училиштето како и во реализација на годишната програма. Како училиште ни е предизвик да ги вклучуваме во планираните активности и активности по иницијатива на родителите .

**Училиштен одбор** – Училишниот одбор го има водството со свој начин на планирање .Во нашето училиште Училишниот одбор се залага за имплементација на националната образовна политика .Членовите на Училишниот одбор имаат организациони способности и добри комуникациски вештини.Една од нивните задачи е донесување одлуки базирани на информации и податоци.

**Информативните списанија- училишен весник** - родителите ќе се информираат за работењето и постигањата на училиштето.

**Телефонски и писмени известувања**

**Посета на семејството на ученикот (одделенски раководител, психолог, директор) по потреба**

**21.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вonнаставните активности:**

Инволвирањето на родителите,размената на искуства и идеи со нив ќе доведе до зголемена меѓусебна помош во постигнување на повисоки образовни резултати и квалитетно решавање на тековните и заедничките проблеми ,Родителите ќе бидат вклучени во наставни и воннаставни активности,проекти на ниво на одделенеие или училиште,работилници (едукативни и креативни). Училиштето има позитивен пристап кон вклученоста на родителите во училишниот живот кој ќе настојуваме да резултира со задоволни родители и позитивна слика за училиштето

Вклученост на родителите директно ќе влијае на развивање и негување партнерски односи преку кои се споделува одговорноста за создавање услови за непречен раст и развој на ученици која ќе ја постигнеме со меѓусебна доверба ,комуникација и соработка во в-о процес влијае на квалитетното решавање на тековните недоразбирања преку кое се обезбедува пријатна атмосфера за работа на учениците. Партнерскиот однос меѓу родителите и училиштето создава услови за непречен раст и развој на учениците што се постигнува со меѓусебна доверба ,комуникација и соработка.

**Училиштето ги вклучува родителите/старателите во реализација на:**

- Приоритети на училиштето
- Реализација на наставни часови (родители експерти во одредени области)
- Екскурзии и излети,
- Училишен хепенинг
- Натпревари, приредби, манифестации, промоции.
- Проекти за безбедност во училиштето,едукација за здрава храна...

**Родителите/старателите учествуваат во избор на:**

- Фирма за производство на ужинка за учениците
- Избор на компании за осигурување, фотографирање обезбедување
- Реализација на програма за намалување на насилство, злоупотреба и дискриминација во училиштето“ “

- Информирање за учество и постигнати резултати на учениците на натпревари, конкурси  и слично.
- Работилници за отпор на притисок од врсниците,позитивни комуникациски вештини,заштита од кибер насилство,врсничко насилство...

**<u>Во активностите на училиштето</u>** родителите се вклучуваат во реализација на работилници  усогласени со содржини поврзани со плананирана наставна програма, ,и професионалната орентација на родителите.Тие се моќни  двигатели и актери .Тие ги учат децата за границите за она што е дозволено или недозволено да го прави, бидејќи се личен пример за учениците .Во соработка со родителите нашето училиште ќе реализира посети на работни организации во кои дејствуваат родителите.

За оваа учебна година планирано е активно вклучување на родителите во превземаните еко активности и преуредувањето на училишната средина.

Очекуваните резултати се позитивна  комуникација со родителите и социјално емоционална поддршка.

**Во донесувањето на одлуки** родителите се значајни субјекти во креирање платформа за заедничко размислување  и  донесување одлуки,споделување идеи  и предлози што се однесуваат на безбедноста и добросостојбата на учениците во училиштето.На овој начин соззадаваме простор за изградба на силна училишна заедница.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите/старателите учебната 2024/2025 година е во насока на усовршување на родителските вештини кои имаат позитивен ефект врз емотивниот,социјалниот,физичкиот  и интелектуалниот развој на учениците.Акцентот ќе биде ставен на позитивното родителство и стиловите на воспитание кои влијаат на развојот на учениците  .Целта на едукацијата е градење на деца кои веруваат во себе ,кои се истрајни,емпатични ,знаат како да се справат со разочарувањата . Ќе се реализираат предавање од страна на стручната служба на теми поврзани со болестите на зависност. Едукацијата ќе овозможи учење на вештини кои се во насока на поголемо разбирање на родителот  за потребите на ученикот  Според Законот за основно образование во нашето училште по потреба ќе се реализираат :

Советувања на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, имаат неуспех во учењето или  несоодветно однесување

- Разговори со родители за утврдени кризи и семејни проблеми (социјални, семејства со ризик) и активности  за помош со семејствата
- Информирање на родители на ученици со ПОП за состојба и напредок на нивните деца, начин како да ги остварат своите права,
- Разговори и психоедукација на родители за утврдени проблеми и состојби (наоди од социометриски и психометриски алатки, разговори и набљудувања)
- Соработка со родителите во превенција на насилство во училиштето и спречување закани врз помалите ученици и соучениците.

- Соработка со родителите за намалување на бројот на неоправдани изостаноци во училиштето.

**Изработка на флаери, брошури за родители:** Училиштето изготвува информативни материјали кои се во вид на брошури, информатори,училишен весник кои се прикачени на училишната веб платформа, во кои се наведуваат информации за планови на училиштето во учебната 2024/25 година, податоци за наставниците и приемните денови, информации за напредокот на учениците, реализирани активности во училиштето и други актуелни прашања.

## 22. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Активностите кои ќе се реализираат во текот на 2024/2025 учебна година ќе бидат промовирани во нашиот училишен весник ,нашата фб страна и нашата официјална веб страна . На тој начин ќе стекнеме позитивна репутација и ќе се постигне позитивен ефект.На овој начин самостојно ќе планираме и ќе реализираме сопствени проекти за заштита од насилство,злоупотреба и запуштање,намалување на ризикот од развој на ментални нарушувања како и програми за развивање на чувството за негување на безбедна клима за учење со вклучување на сите заинтересирани и соодветни надворешни соработници

**Локална заедница:** Учебната 2024/2025 година училиштето ќе организира и реализира посебни програми за одбележување на значајни датуми, а ќе земе активно учество во проекти и најразлични манифестации меѓу кои се и Денот на Општина Карпош, јавни повици ,литературни и ликовни манифестации. Соработка со локалната зеедница ќе биде двонасочна со цел подобрување на севкупните услови за работа. .Во континуитет училиштето соработува со Полициската Станица – Карпош која редовно одржува предавање од сообраќајната култура и меѓуврсничко насилство. Воедно училиштето подготвува низа изложби, отворени денови и приредби на кои присуствуваат гости од локалната средина.

**Институции од областа на културата:** Во текот на учебната година предвидени се и посети на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театри, кино сали, ликовни колонии, филмски фестивали. Учениците ќе бидат менторирани за учество на литературно-ликовни конкурси, натпревари од областа на јазичните предмети, општествените предмети, природно–математички предмети и спортски натпревари (училишен спортски клуб)

**Институции од областа на образованието:** Училиштето континуирано соработува со образовните институции од локалната средина, градот Скопје и пошироко. Соработката со Државниот просветен инспекторат, МОН и БРО е континуирана. Како позначајни се истакнуваат соработките со високо образовни институции. Со приватните и државните средни училишта од територијата на град

Скопје интензивирана е соработката кон крајот на наставната година поради уписот на ученици во средно училиште, со презентации на училиштата. Воедно редовно се одржуваат средби на Активот на директори од Општина Карпош, но и средби на психолозите и педагозите на ниво на град Скопје. Соработката со ресурсниот центар„ Д-р Златан Сремец“ е ефективна со комуникациска динамика преку средби ,размена на искуства и видувања од вклученоста и ангажираноста на образовните асистенти вклучени во нашето училиште. Во чекор со заклучоците од МОН ,нашето училиште изготви план за спроведување на активности за подобрување на процесите ,безбедноста ,организацијата и состојбата во училиштето. Според планот ќе се одржуваат работни средби и разговори вработените во училиштето со вклученост на стручните соработници и родителите чија цел ќе биде смирување на несигурноста кон себе или кон своите врсници и предолго да останат во состојба на вознемиреност.

**Невладини организации:** Со првата детска амбасада- МЕЃАШИ се реализираат работилници и предавања за намалување на меѓуврсничкото насилство во училиштето како и за запознавање на учениците со нивните права и должности.Во текот на целата учебна година учениците собираат стари батерии во соработка со ЕЛКОЛЕКТ, а воедно се учествува на конкурси за изработка на предмети од рециклиран материјал.

**Спортски друштва:** Нашето училиште ќе се вклучи во спортски активности , општинска лига организирани од страна на Општина Карпош .

**Здравствени организации:** Во текот на учебната година се предвидени и редовно се одржуваат стоматолошки и систематски прегледи за сите учениците во Училишниот диспанзер во Карпош. Истиот одржува предавања во пониските одделенија за одржување на хигиена на забите, правилна исхрана и физичко здравје. Воедно на учениците им е овозможено на доброволна основа да бидат осигурани во понудена осигурителна компанија која е избрана од Советот на родители.

**Дирекција за заштита и спасување од елементарни непогоди:** Нашето училиште соработува со Дирекцијата за заштита и спасување од елементарни непогоди – која е под директна надлежност на Центарот за управување со кризи. Од Центарот се добиваат постојани насоки и појаснувања како да се однесуваме при одредени опасности во различни кризни моменти. Секој вработен има посетено обука за безбедност и заштита при работа и се има здобиено со сертификат. Сите вработени и ученици се запознаваат и едуцираат како се постапува во кризни моменти за кои што се одржуваат вежбовни активности во училиштето предводени од одговорен наставник.

**Хуманитарни организации:** Нашето училиште има постојана соработка со Црвениот крст – Карпош како и Црвениот крст на град Скопје и локалната заедница при што се организираат повеќе работилници, хуманитарни акции, донации и превентивни предавања.

**Медиуми:** Нашето училиште во континуитет се промовира преку училишната веб и фб страната ,училишниот весник и страната на општината, преку флаери за упис на првачиња, како и преку учество во емисии на многу локални и национални телевизии.

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Почитување на образовните можности на учениците | Во текот на учебната година | Стручна служба директор | Наставнички совет,училишен одбор,Совет на родители, |
| Училишна средина која мотивира | Во текот на учебната година | Стручна служба,наставници директор | Ученици,наставници,родители |
| Вклученоста на родителите, поддршката, емоционалната блискост | Во текот на учебната година | Директор,стручна служба | Наставници |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Со евалуацијата на годишната програма ќе согледаме колку училишната средина дава поддршка на развојот на знаења и вештини кај учениците.Го утврдуваме квалитетот на наставата во насока на подобро учење. Преку спроведување на анализа ќе ги утврдиме слабостите и предвидиме следните мерки кои ќе бидат превземени во насока на унапредување на воспитно-образовниот процес.

Начинот на евалуацијата е преку процес на набљудување,увид во податоците, ,дискусии со ученици и родители,реализација на работилници,прашалници,записници и сл.На тој начин се насочуваме кон увид во начините кои можат да ги подржат учениците во активностите за постигнување на позитивна промена во училиштето со цел формирање на идни одговорни граѓани.

## 25. Заклучок

Професионалните предизвици на наставниците во образовниот и воспитниот процес со текот на времето стануваат се покомплексни и посеопфатни . Новите генерации на ученици доѓаат со нови навики, вештини, модифицирани вредности. Односот родители деца во институцијата семејство се повеќе се менува , технологијата значајно влијае врз однесувањето на учениците.

Сите овие елементи сериозно не ставаат исправени пред предизвикот како во предвидениот деветогодишен временски период да обезбедиме максимален ефект и во образовниот и во воспитниот процес.

Цврстата и функционална врска меѓу трите карики, наставен кадар, ученици и родители е клучот на успехот. Взеаемната соработка мора да биде на највисоко ниво.

Родителите се модел преку кои децата учат како да се однесуваат , емоционално да се изразуваат и да ги воспоставуваат социјалните контакти. Моралните вредности, навики и вештини се всадуваат во семејството.

Наставниците заедно со педагошката служба ја имаат обврската во интеракција со родителите и децата да ги искорегираат сите недостатоци кои ќе ги вооочат во текот на воспитниот и образовниот процес.

Целта ни е покрај техниките и методолошките алатки на кои сериозно работиме со цел да го пренесеме потребното ниво на знаење кај учениците, во исто време обезбедиме училиштето да биде безбедна и здрава средина за ученикот во која ќе добива силна поддршка во градењето на неговите вештини и креирањето на сопствените емоционални карактеристики.

Со посветениот ангажман на сите инволвирани страни уверени сме дека ќе го добиеме посакуваниот резултат, а тоа е профилирање на ученици со изграден здрав психофизички развој, вистински вредности и квантум на знаења со кои во иднина ќе можат успешно да се носат и да го продолжат својот образовен процес.

Зацврстувањето на добри воспитно образовни практики ќе резултира со перцепција кај учениците дека училиштето е место кое креира позитивно искуство. Всадувањето на љубовта кон образовната институција, кон наставникот, кон книгата, кон знаењето е предуслов дека ученикот во првата фаза од неговиот образовен процес го има трасирано вистинскиот пат кој треба да му обезбеди понатамошен простор за негов раст и развој во системот во кој ќе делува.

26.Комисијата за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште:

1. Директор: Светлана Шајноска
2. Педагог: Татјана Дончевска
3. Библиотекар: Ванчо Љатковски
4. Одделенски наставник: Наташа Нешевска
5. Одделенски наставни: Алмедина Адемовска
6. Предметен наставник: Јасмина Сретеновска
7. Предметен наставник: Александра Чочевска
8. Ученички правобранител: Иан Јованов

Датум: 02.07.2024 година

Директор на училиште

Светлана Шајноска

ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВЕРА ЦИРИВИРИ-ТРЕНА СКОПЈЕ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Пртседател на Училишен одбор

Олга Тодоровска